**ЗАПИСНИК**
**од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.10.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, м-р Владимир Ѓорѓиески, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски по читањето на Дневниот ред констатира дека претставниците на двата радиодифузери ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје и ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид не се приклучени ниту се најавени во видео конференциската врска. Исто така информира дека ниту пораки нема добиено од нив, но сепак рече дека процедурата мора да се почитува и седницата треба да се одржи.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

## **Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Образложение од ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
3. Разно.

Г-дин Петрушевски во врска со Точките 1 и 2 констатира дека нема присутни претставници за дадат образложение од ТВ Канал Визија и ТВ Морис. Советот им даде можност да се изјаснат, но сега и двата помали радиодифузери нема повеќе да постојат во медиумскиот простор и тоа за жал ќе се одрази врз намалување на бројот на медиуми во нашата држава. Посочи дека нема потреба да се продолжи со дискусија бидејќи седницата е наменета за радиодифузерите да дадат образложение во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери и ја затвори седницата.

**Бр. 02-3896/2**
**06.11 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**